Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Бр. 02-551/3
Охрид, 30.8 2024 год.

Врз основа на член 97, став 6, точка 3 и став 12 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 82/2018, 178/21 и 58/24), член 137 од Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид (арх. бр. 01-156/1 од 08.02.2019 година), точка 28 од Упатството за постапката за избор на ректор (арх. бр. 02-436/3 од 01.07.2024) , а врз основа на Записникот од сумирани резултати од гласањето за избор на ректор на единиците на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид (арх. бр. 02 -551/2 од 30.08.2024 година), Универзитетската изборна комисија на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, на состанок одржан на ден 30.08.2024 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**За утврдување избран кандидат за ректор**
**за мандатен период 2024-2027**

1. Врз основа на сумираните резултати од тајното гласање за избор на ректор на единиците на Универзитетот, **за ректор на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид е избран проф. д-р Иван Бимбиловски, редовен професор** на Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелигенција и роботика.
2. Записникот на Универзитетската изборна комисија со сумираните резултати од гласањето за избор на ректор на единиците на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, е составен дел од оваа одлука.
3. Мандатот на избраниот ректор трае 3 (три) години.
4. Правата и обврските на ректорот се утврдени со Законот за високото образование, Статутот и со други акти на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид.
5. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Правна поука:** Против оваа Одлука и Записникот кој е нејзин составен дел кандидатот има право на приговор согласно член 138 од Статутот на Универзитетот до УИК во електронска форма на е-адресата uik2024@uist.edu.mk и во архивата на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид во рок од 3 (три) работни дена од денот на приемот.

**Претседател**
**на Универзитетската изборна комисија**

------------------------------------
Вонр. проф. д-р Атанас Христов